Анкетиранисевкупно 30 родителипослучаенизбор. 70%одродителитецелосно сесогласуваатсотврдењетодеканасвоетодете**<u>во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава</u>**, доколку има потреба одистата 7 % од родителитесе согласуваат со ова тврдење, 7%од родителите не сесогласуваатсотврдењето,односно сметаатдеканасвоетодете немуе овозможена дополнителна или додатна настава,во зависност од потребата. 7 % од родителите целосноне сесогласуваат сооватврдењеи3 %одродителитенезнаеледаодговоратнаова прашање. Не дале одговор на прашањето 6 %.

ИНТЕРВЈУСОДИРЕКТОРИСТРУЧНИСОРАБОТНИЦИ

ПОДРАЧЈЕ2-ПОСТИГАЊАНАУЧЕНИЦИТЕ

2.1. Дали училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди?

Да , училиштето континуирано прибира и анализира податоци за учениците по наставните предмети за сите квалификативни периоди.

a. **Штопокажуваатподатоците?**

Податоците ни овозможуваат да ги согледаме јаките страни, но и областите во кои учениците имаат потешкотии. Особено го следиме напредокот на предмети и одделенија и утврдуваме дали постојат разлики во постигнувањата кај одредени групи ученици.

b. **Какопостапуватепонаодите?Штосепреземазаподобрувањенаевентуалните недостатоци?(напр.ниски постигања поопределнипредмети)**

- Дополнителна и индивидуална поддршка за учениците
- Дополнителна настава со ученици кои имаат потешкотии
- Примена на различни методи и техники
- Соработка со родители

2.2. Доколку училиштето било вклучено во државно тестирање/меѓународни оценувања,колкустезадоволни од резултатите?(доколкупостигањатананивонаучилиштесениски),Што планиратеда преземете?

За мене најважно е податоците да неостанат само бројки во извештај. Тие треба да бидат основа за конкретни мерки , следење на напредокот и подобрување на квалитетот на наставата и постигнувањата на учениците.

2.3. Кои се прецедурите за идентификување на ученици со тешкотии во учењето, надарениученицииученицисопопреченост?Какваподдршкадобиваатученицитезап одобрувањена постигањата?

- **Континуирано следење на нивниот развој од страна на наставниците, стручната служба и одделенските раководители**
- **Индивидализирана поддршка**
- **Дополнителна и додатна настава**
- **Дополнителни активности за надарени ученици**
- **На учениците со попреченост им се обезбедува инклузивна поддршка**

2.4. Колкусте задоволни од редовноста на учениците? Кои мерки се превземаат за ученицитекоисенередовни?

Задоволни сме од редовноста на најголерм број ученици, но се следи присуството и навремено се реагира кај учениците со зголемен број изостаноци. Доколку има се реализираат советувања, се разговара за причините и потешкотиите и заеднички се утврдуваат конкретни мерки и чекори за подобрување.

2.5. **Како се спроведуваат советувањата на родители и ученици? Како би ги проценилеефектите од советувањата врз подобрување на редовноста, успехот и однесувањето?**

Ефектите од советувањата се следат преку редовноста на учениците, постигнатиот успех, однесувањето и нивната активност во наставата. Каде што има потреба, советувањето се повторува и се преземаат

дополнителни мерки. Советувањата ги оценнуваме како значајна превентивна мерка , особено кога има контниурана соработка меѓу училиштето, ученикот и родител

Подрачје 3: Училишна климаи односи во училиштето

Индикатори за подрачјето:
3.1 Училишна клима **3.2 Еднаквост и правичност** **3.3 Партнерски односсо заедницата** **3.4 Севкупна грижа за учениците**

Собирање податоци

Индикатор 3.1 Училишна клима		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Кодекс на однесување; анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработинции, родителите/старателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; статут на училиштето; куќен ред на училиштето; пофалби, награди, признанија и др.; решение за формирање ученички парламент и избор на ученик правобранител; програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител; досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи).	Углед/имиџ на училиштето	Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Училиштето спроведува воннаставни активности по кои е препознатливо во средината. Училиштето, за афирмирање на воннаставните активности, соодветно ги користи различните медиуми (на пр. интернет страница, ученичко катче и сл.). Наставниот кадар е фактор кој придонесува за позитивната слика на училиштето, уживајќи почит кај родителите. Постои изразена идентификација на учениците и вработените со училиштето, проследена со грижа за неговиот углед и чувство на припадност.
	Кодекс на однесување	Училиштето има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето, а неговото усвојување е низ транспарентна процедура. Училиштето има пишани процедури за постапување во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот и таквите процедури ги спроведува во практика. За да се овозможи ефективно спроведување, училиштето располага со утврдени протоколи за постапување во случаи на непочитување на правилата. Овие процедури се доследно имплементирани во тековното работење, обезбедувајќи прецизно и праведно разрешување на ситуациите.

	Училишна клима	Училиштето систематски го спроведува принципот на заемно почитување и рамноправност во третманот на сите страни вклучени во образовниот процес. Ова подразбира сеопфатна примена на вредностите на еднаквост низ сите структури. Во рамките на колективот, постои изразена професионална соработка меѓу вработените, што придонесува за ефикасно функционирање на училиштето. Позитивната клима во училишната средина е директен резултат на повеќекратни нивоа на континуирана соработка: помеѓу наставниците, во односот на наставниците со учениците, меѓу родителите и наставниците, како и со раководниот кадар. Овој мултилатерален пристап активно го поттикнува другарството и соживотот меѓу учениците. Раководството и наставниот кадар имаат клучна улога во одржувањето на стабилна и поволна атмосфера. Нивното однесување кон учениците, останатите вработени, родителите и сите посетители директно ја рефлектира и ја одржува конзистентно позитивната атмосфера во училиштето. Климата во училиштето се карактеризира како позитивна, што е резултат на континуираната соработка помеѓу сите засегнати страни: наставници, ученици, родители и раководство. Се промовираат другарството и соживотот меѓу учениците
	Поведение и дисциплина во училиштето	Училиштето има куќен ред кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето, согласно со проширената програма на училиштето. Училиштето го применува правилникот за изрекување педагошки мерки и тимот за поддршка работи за надминување на проблемот поради кој е изречена педагошка мерка.
	Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми	Во училиштето функционира Ученички парламент кој го одразува етничкиот состав на училиштето (во училишта на повеќе наставни јазици) и ученички правобранител. Учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес. Учениците, преку Ученичкиот парламент учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето заклучоци. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на работата во училиштето. Учениците, членови на ученичкиот парламент, редовно се поканууваат и присуствуваат на состаноци на училишниотодбор.
Индикатор 3.2Еднаквост и правичност		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**

Анкета и разговори со ученици, родителите/старателите, наставници, стручна служба; извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права; записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител структура на паралелките; записници од работата на ТУИ-Тимот за училишна интеграција; дневник за работа на стручните соработници; оперативен план за наставен час; записници од наставнички совет; критериуми и процедури за избор на ученик на генерација.	Познавање и почитување на правата на децата	Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира активности со дел од родителите/старателите за да ги запознае со правата на децата. Најголемиот број од учениците сметаат дека нивните права се почитуваат.
	Еднаков и правичен третман на сите ученици	Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено и соодветно реагира на поплаките од учениците за нееднаков третман. Институцијата активно работи на промоција на родовата сензитивност и мултикултурализмот, интегрирајќи ги принципите на инклузивност во својата секојдневна практика. Сите ученици имаат пристап и се вклучени во училишните активности.
Индикатор 3.3 Партнерски односсо заедницата		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите,	Соработка на училиштето со родителите/старателите	Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и/или електронска форма. Училиштето презема добро испланирани активности за вклучување на родителите во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Мислењата и ставовите на родителите/старателите се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.

наставниците и со стручните соработници; анкета/интервју со претставник на локалната заедница; статут на училиштето; интернет-страница на училиштето; договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции; извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница; документација за добиени спонзорства и донации.	Соработка со општината и со урбаната заедница	Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.
Индикатор 3.4Севкупна грижа за учениците		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**

Кодекс на однесување; куќен ред на училиштето; набљудување на условите во училиштето; протокол за превенција и заштита од насилство; анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработници, родителите/старателите и со учениците; педагошка евиденција за изречени педагошки мерки; записници од советувања; извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен); записници од советот на родители и родителски средби; анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници; педагошка евиденција и документација; организирани трибини, дебати, предавања со учениците,	Превенција и заштита од насилство	Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (наставниците, учениците и родителите). Вработените си ги знаат својата улога и одговорноста во процесот на заштита на детето. Училиштето води евиденција за појавените форми на насилство. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестиран од страна на возрасните и учениците и навремено се известуваат и се соработува со Центрите за социјални работи, Министерството за внатрешни работи и здравствените установи. Децата жртви на насилство, нивните родители и/или сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки, а во случај на поплака, училиштето постапува навремено и непристрасно. Училиштето има процедури за конструктивно работење со сите ученици кои се дел од врсничко насилство и со нивните родители.
	Заштита од пушење, алкохол и од дрога	Во училишната зграда, на видни места, има истакнато знаци за забрана за пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуција и консумирање наркотични супстанции. Во училиштето континуирано во соработка со Црвен крст се реализираат активности за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.
	Квалитет на достапна храна	/

родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.; записници од спроведените активности за професионална ориентација/ извештаи од работата на училишниот Црвен крст, извештаи од реализацијата на програмата за самозаштита	Хигиена и заштита од болести	Во училиштето тоалетите се чисти и дезинфицирани во секое време од денот и ги задоволуваат законските прописи. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат барем 2 пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците, вратите и другиот инвентар најмалку по еднаш во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист и хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има лица кои имаат сертификати за давање прва помош.
	Грижа за безбедноста на учениците и вработените	Во училиштето има ПП-апарати кои редовно се сервисираат.. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и 2 пати годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Во училиштето се спроведува програма за самозаштита. Видео надзор е инсталиран на главниот влез на училиштето, обезбедувајќи безбедност. Во доменот на безбедноста и контролата на пристапот, се применуваат неколку мерки. На главниот влез на училиштето, ученик-дежурен континуирано го евидентира секој надворешен посетител. Дополнително, за време на наставните активности и во текот на одморите, наставнички кадар е распореден во ходниците, вршејќи надзор над движењето и обезбедувајќи безбеден, редуциран влез и излез од училниците.
	Грижа за учениците од социјално загрозени семејства	Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства. Училиштето континуирано соработува со родителите/старателите, локалната заедница и со други релевантни институции (центарот за социјална работа, хуманитарни и невладини организации и деловната заедница) за помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства.
	Грижа за учениците со здравствени проблеми	Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава. Реализацијата на наставата се спроведува во соработка со родителите/старателите и во зависност од нивните домашни услови.

	Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците	Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социоемоционалните тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците со емоционални тешкотии и на нивните родители/старатели или да ги упатат до релевантните институции (советувалишта, здравствени установи, центар за социјална работа, граѓански здруженија итн). Во училиштето се спроведуваат активности за социо-емоционално учење.
	Давање помош при изборот за продолжување на образованието	Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали од образовните институции за професионална ориентација на учениците. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја добијат преку пишани и усни соопштенија. Училиштето им дава помош на учениците и на нивните родители/старатели во избор на средното училиште.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето

Врз основа на анализата на училишната документација, спроведените анкети и добиените сознанија од наставниците, родителите и учениците, може да се заклучи дека во училиштето се воспоставени механизми за обезбедување позитивна училишна клима, почитување на правата на учениците, соработка со родителите и локалната заедница, како и грижа за безбедноста и добросостојбата на учениците. Училиштето располага со Кодекс на однесување, куќен ред и утврдени процедури за постапување во случаи на прекршување на правилата, при што се настојува нивна доследна примена

Резултатите од анкетите покажуваат дека наставниците ја оценуваат училишната атмосфера како позитивна и поттикнувачка, а најголем дел од учениците се чувствуваат прифатени од наставниците и од своите соученици. Во училиштето активно функционираат Ученичкиот парламент и ученикот правобранител, што овозможува учениците да учествуваат во активности и иницијативи од нивен интерес

Во однос на еднаквоста и правичноста, училиштето промовира почитување на детските права и еднаков пристап на учениците до училишните активности. Сепак, дел од учениците и родителите укажуваат на потреба од понатамошно унапредување на чувството за еднаков третман, поголема транспарентност во примената на правилата и поголема вклученост на родителите во процесите на донесување одлуки.

Училиштето остварува континуирана соработка со родителите и локалната заедница преку родителски средби, совет на родители и заеднички активности. Иако соработката е воспоставена, резултатите упатуваат на потреба од дополнително јакнење на партнерските односи и поголемо учество на родителите во креирањето и унапредувањето на воспитно-образовниот процес.Постојано се организираат предавања, едукации и се реализираат наставни и воннаставни активности за превенција и справување со врсничкотонасилство. Исто така во соработка со локалнта средина, надлежни институции се воспоставуваат и организираат трибини, настани и предавања зазаштита од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести и здрава исхрана.

Во училиштетосе спроведуваат редовни санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците.

Во делот на севкупната грижа за учениците, училиштето спроведува активности за превенција од насилство и ризични однесувања, како и активности за поддршка на социо-емоционалниот развој. Иако најголем дел од учениците се чувствуваат безбедно во училиштето, дел од нив посочуваат потреба од поголема поддршка при решавање на лични проблеми, поголема достапност на стручната служба и поинтензивни активности за развивање позитивни меѓусебни односи и ненасилна комуникација.

Силни страни

- Училиштето има воспоставен Кодекс на однесување, куќен ред и процедури за постапување при прекршување на правилата.
- Во училиштето постои позитивна работна атмосфера и добра соработка помеѓу наставниците.
- Училиштето ги промовира детските права, еднаквоста и правичноста меѓу учениците.
- Се реализираат активности за превенција на насилство, пушење, алкохол и употреба на дрога.

• Обезбедени се услови и мерки за безбедност, заштита и хигиена на учениците.
• Училиштето остварува соработка со родителите, локалната заедница и други институции од интерес за воспитно-образовната работа.

Слаби страни

- Учениците не покажуваат доволна мотивираност и позитивен однос кон посетувањето на училиштето.

• Потребно е да се зголеми достапноста и препознатливоста на педагошко-психолошката служба кај учениците.

• Постојат различни перцепции помеѓу учениците, родителите и наставниците во однос на хигиената, поддршката и условите за учење.

• Потребно е поголемо информирање и вклучување на родителите врз донесувањето одлуки во училиштето

Приоритети

- Унапредување на училишната клима преку поголемо вклучување на учениците во организирањето активности и донесувањето одлуки.
- Зајакнување на системот за поддршка на учениците во надминување на лични, социјални и емоционални тешкотии.
- Зголемување на достапноста и улогата на стручната служба во поддршката на учениците и родителите.
- Унапредување на превентивните активности за спречување врсничко насилство, ненасилна комуникација и градење позитивни односи меѓу учениците.
- Зајакнување на партнерскиот однос со родителите преку нивно поактивно вклучување во планирањето и евалуацијата на воспитно-образовната работа.
- Континуирано следење на ставовите на учениците, родителите и наставниците со цел навремено идентификување и надминување на слабостите во подрачјето.

МЕТОДИ КОИ СЕ КОРИСТЕНИ ЗА СОБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ И ОБРАБОТЕНИ ИНФОРМАЦИИ

ПРАШАЛНИК ЗА РОДИТЕЛИ - УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Анкетата е пополнета од страна на 30 родители

1. Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето.
    4. - целосно се согласувам - 19
    3. - се согласувам – 9
    2. - не се согласувам – 2
    1. - целосно не се согласувам - 0
    0. - не знам / немам информација – 2

2. Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување
    4. - целосно се согласувам –9
    3. - се согласувам – 11
    2. - не се согласувам – 10
    1. - целосно не се согласувам – 0
    0. - не знам / немам информација – 0

3. Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците
    4. - целосно се согласувам – 15
    3. - се согласувам – 8
    2. - не се согласувам – 4
    1. - целосно не се согласувам – 3
    0. - не знам / немам информација – 0

4. Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците
    4. - целосно се согласувам - 12
    3. - се согласувам - 9
    2. - не се согласувам - 6
    1. - целосно не се согласувам -3
    0. - не знам / немам информација - 0

5. Моето дете сака да оди на училиште
    4. - целосно се согласувам – 17
    3. - се согласувам – 10
    2. - не се согласувам – 3
    1. - целосно не се согласувам – 0
    0. - не знам / немам информација - 0

6. Училиштето добро се справува со дисциплината
    4. - целосно се согласувам – 16
    3. - се согласувам – 5
    2. - не се согласувам – 7
    1. - целосно не се согласувам – 2
    0. - не знам / немам информација – 0

7. Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето

4. - целосно се согласувам – 6
3. - се согласувам – 8
2. - не се согласувам – 10
1. - целосно не се согласувам – 6
0. - не знам / немам информација – 0

8. Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици

4. - целосно се согласувам – 9
3. - се согласувам – 8
2. - не се согласувам – 5
1. - целосно не се согласувам -8
0. - не знам / немам информација - 0

9. Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици

4. - целосно се согласувам – 10
3. - се согласувам – 8
2. - не се согласувам – 6
1. - целосно не се согласувам -6
0. - не знам / немам информација -0

10. Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго.

4. - целосно се согласувам - 18
3. - се согласувам - 8
2. - не се согласувам - 4
1. - целосно не се согласувам - 0
0. - не знам / немам информација - 0

11. Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците

4. - целосно се согласувам – 12
3. - се согласувам – 6
2. - не се согласувам – 5
1. - целосно не се согласувам – 7
0. - не знам / немам информација – 0

12. Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето

4. - целосно се согласувам – 7
3. - се согласувам – 5
2. - не се согласувам – 9
1. - целосно не се согласувам – 9
0. - не знам / немам информација – 0

13. Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство

4. - целосно се согласувам – 12

3. - се согласувам – 8
2. - не се согласувам – 7
1. - целосно не се согласувам – 3
0. - не знам / немам информација – 0

14. Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти
4. - целосно се согласувам – 11
3. - се согласувам – 6
2. - не се согласувам – 2
1. - целосно не се согласувам – 5
0. - не знам / немам информација – 6

15. Училиштето добро се справува при појава на насилство
4. - целосно се согласувам – 13
3. - се согласувам – 7
2. - не се согласувам – 6
1. - целосно не се согласувам – 4
0. - не знам / немам информација – 0

16. Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога
4. - целосно се согласувам – 15
3. - се согласувам – 13
2. - не се согласувам – 2
1. - целосно не се согласувам – 0
0. - не знам / немам информација – 0

17. Хигиената во училиштето е на високо ниво
4. - целосно се согласувам – 19
3. - се согласувам – 5
2. - не се согласувам – 6
1. - целосно не се согласувам – 0
0. - не знам / немам информација -0

18. Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете
4. - целосно се согласувам – 21
3. - се согласувам – 8
2. - не се согласувам – 1
1. - целосно не се согласувам – 0
0. - не знам / немам информација -0

19. Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете
4. - целосно се согласувам – 17
3. - се согласувам – 6
2. - не се согласувам – 7
1. - целосно не се согласувам – 0
0. - не знам / немам информација – 0

20. Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците

4. - целосно се согласувам – 20
3. - се согласувам – 5
2. - не се согласувам – 5
1. - целосно не се согласувам – 0
0. - не знам / немам информација – 0

ПРАШАЛНИК ЗА НАСТАВНИЦИ-УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Анкетата е пополнета од страна на 22 наставници

1. Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето
   4. - целосно се согласувам – 3
   3. - се согласувам – 11
   2. - не се согласувам – 2
   1. - целосно не се согласувам – 3
   0. - не знам / немам информација -3

2. Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување
   4. - целосно се согласувам – 9
   3. - се согласувам – 10
   2. - не се согласувам – 2
   1. - целосно не се согласувам -1
   0. - не знам / немам информација -0

3. Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка.
   4. - целосно се согласувам – 11
   3. - се согласувам – 11
   2. - не се согласувам – 0
   1. - целосно не се согласувам -0
   0. - не знам / немам информација -0

4. За време на моите часови има добра работна атмосфера
   4. - целосно се согласувам – 16
   3. - се согласувам – 6
   2. - не се согласувам -0
   1. - целосно не се согласувам -0
   0. - не знам / немам информација -0

5. Добро соработувам со колегите во училиштето
   4. - целосно се согласувам – 12
   3. - се согласувам – 10
   2. - не се согласувам -0
   1. - целосно не се согласувам -0
   0. - не знам / немам информација -0

6. Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти

4. - целосно се согласувам - 10
3. - се согласувам – 9
2. - не се согласувам – 6
1. - целосно не се согласувам -0
0. - не знам / немам информација -0

7. Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници во врсничко насилство
4. - целосно се согласувам – 8
3. - се согласувам – 10
2. - не се согласувам – 5
1. - целосно не се согласувам -0
0. - не знам / немам информација – 2

8. Учениците ги мотивирам да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес
4. - целосно се согласувам – 15
3. - се согласувам – 8
2. - не се согласувам – 2
1. - целосно не се согласувам -0
0. - не знам / немам информација - 0

9. На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето
4. - целосно се согласувам – 10
3. - се согласувам – 12
2. - не се согласувам – 3
1. - целосно не се согласувам
0. - не знам / немам информација

10. Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман
4. - целосно се согласувам – 14
3. - се согласувам – 11
2. - не се согласувам
1. - целосно не се согласувам
0. - не знам / немам информација

11. Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности
4. - целосно се согласувам - 13
3. - се согласувам – 12
2. - не се согласувам
1. - целосно не се согласувам
0. - не знам / немам информација

12. Родителите/старателите ги поттикнувам активно да се вклучат во активностите во училиштето
4. - целосно се согласувам – 10
3. - се согласувам – 11
2. - не се согласувам – 4
1. - целосно не се согласувам

0. - не знам / немам информација

13. Ги прифаќам аргументираните идеи од родителите за подобрување на воспитно-образовниот процес

4. - целосно се согласувам – 10
3. - се согласувам – 14
2. - не се согласувам – 1
1. - целосно не се согласувам
0. - не знам / немам информација

14. Учествувам во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата

4. - целосно се согласувам – 7
3. - се согласувам – 8
2. - не се согласувам – 8
1. - целосно не се согласувам - 2
0. - не знам / немам информација

16. Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење алкохол и дрога

4. - целосно се согласувам – 8
3. - се согласувам – 15
2. - не се согласувам – 2
1. - целосно не се согласувам
0. - не знам / немам информација

17. Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите

4. - целосно се согласувам - 12
3. - се согласувам – 11
2. - не се согласувам
1. - целосно не се согласувам
0. - не знам / немам информација – 2

ПРАШАЛНИК ЗА УЧЕНИЦИ-УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

Анкетата е пополнета од страна на 22 ученици

1. Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно.

4. - целосно се согласувам - 13
3. - се согласувам – 4
2. - не се согласувам – 1
1. - целосно не се согласувам – 3
0. - не знам / немам информација -1

2. Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици.

4. - целосно се согласувам – 15
3. - се согласувам – 5

2. - не се согласувам – 0
1. - целосно не се согласувам – 1
0. - не знам / немам информација -1

3. Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците
4. - целосно се согласувам – 11
3. - се согласувам – 10
2. - не се согласувам – 1
1. - целосно не се согласувам – 0
0. - не знам / немам информација -0

4. Сакам да одам на училиште
4. - целосно се согласувам – 3
3. - се согласувам - 5
2. - не се согласувам – 5
1. - целосно не се согласувам – 2
0. - не знам / немам информација -7

5. Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми
4. - целосно се согласувам – 12
3. - се согласувам – 4
2. - не се согласувам – 3
1. - целосно не се согласувам – 1
0. - не знам / немам информација – 2

6. Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваме
4. - целосно се согласувам - 6
3. - се согласувам – 8
2. - не се согласувам – 4
1. - целосно не се согласувам – 1
0. - не знам / немам информација – 3

7. Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето.
4. - целосно се согласувам – 15
3. - се согласувам – 5
2. - не се согласувам – 0
1. - целосно не се согласувам - 0
0. - не знам / немам информација - 2

8. Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици
4. - целосно се согласувам – 14
3. - се согласувам – 1
2. - не се согласувам – 3
1. - целосно не се согласувам – 0
0. - не знам / немам информација - 4

9. Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици
4. - целосно се согласувам – 15
3. - се согласувам – 5

2. - не се согласувам – 1
1. - целосно не се согласувам – 0
0. - не знам / немам информација -1

10. Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици
4. - целосно се согласувам – 13
3. - се согласувам – 8
2. - не се согласувам – 1
1. - целосно не се согласувам -0
0. - не знам / немам информација - 0

11. Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето.
4. - целосно се согласувам – 11
3. - се согласувам – 6
2. - не се согласувам – 2
1. - целосно не се согласувам – 1
0. - не знам / немам информација – 2

12. Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права
4. - целосно се согласувам – 10
3. - се согласувам – 7
2. - не се согласувам – 5
1. - целосно не се согласувам - 0
0. - не знам / немам информација – 0

13. Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг наставник
4. - целосно се согласувам – 14
3. - се согласувам – 3
2. - не се согласувам – 3
1. - целосно не се согласувам – 1
0. - не знам / немам информација -1

14. Можам слободно да барам совет и поддршка од педагогот или психологот во училиштето
4. - целосно се согласувам – 11
3. - се согласувам – 2
2. - не се согласувам – 7
1. - целосно не се согласувам – 2
0. - не знам / немам информација – 0

15. Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем
4. - целосно се согласувам - 7
3. - се согласувам – 5
2. - не се согласувам – 3
1. - целосно не се согласувам – 2
0. - не знам / немам информација -5

16. Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето

4. - целосно се согласувам – 15
3. - се согласувам – 5
2. - не се согласувам – 2
1. - целосно не се согласувам – 0
0. - не знам / немам информација - 0

17. Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство

4. - целосно се согласувам - 9
3. - се согласувам – 2
2. - не се согласувам – 5
1. - целосно не се согласувам – 1
0. - не знам / немам информација -5

18. Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.

4. - целосно се согласувам – 4
3. - се согласувам – 8
2. - не се согласувам – 4
1. - целосно не се согласувам – 1
0. - не знам / немам информација – 6

19. Училиштето е чисто и уредно

4. - целосно се согласувам – 4
3. - се согласувам – 3
2. - не се согласувам – 6
1. - целосно не се согласувам – 1
0. - не знам / немам информација - 8

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Индикатори за подрачјето:
4.1 Управување ираководење соучилиштето **4.2 Цели и креирање научилишната политика**

Самоевалуација на училиштето: ООУ "Марко Цепенков" **Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

Собирање податоци		
Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Програма за работа на училишниот одбор; деловник за работа на училишниот одбор; статут на училиштето; записници, одлуки и извештаи од работата на училишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни); развојна програма на училиштето; програма за работа на директорот; програми за професионален развој; докази за учество и дисеминација на	Управување со училиштето	Врз основа на проверената документација, се согледува дека работата на Училишниот одбор е уредена со Програма за работа, Деловник и Статут на училиштето. Записниците, одлуките и извештаите од работата на Одборот, како и Развојната програма на училиштето, претставуваат основа за следење на неговите активности, донесувањето одлуки и придонесот во управувањето и развојот на училиштето. Анкетата спроведена во октомври 2026год.со членовите на Училишниот одбор покажува позитивна оценка за неговата работа (3,67 од 4). Се издвојуваат соработката и донесувањето одлуки. Потребно е подобро информирање за одлуките и поголемо вклучување на родителите. Напомена: бројот на испитаници е мал (3од 7членови), па наодите ја одразуваат само перцепцијата на оние што го пополниле прашалникот и не треба да се генерализираат на сите членови на Училишниот одбор

обуки (списоци, агенди, евалуациски листи); интервјуа со наставници, родители и ученици и училишниот одбор; распоред и процедури за користење на просторот и материјлите во училиштето; прашалник за одговорното лице од општината; докази за вклученост во регионални и меѓународни образовни мрежи (активности, дописи, апликации), активности и програма за работа на училишната библиотека/медиатека	Раководење со училиштето	Врз основа на претходната самоевалуација, самоевалуацијата на директорот, проверената документација и мислењата на вклучените чинители, се согледува дека директорот има јасна визија за развојот на училиштето и посветува внимание на планирањето, организацијата и унапредувањето на квалитетот на воспитно-образовната работа. Самоевалуацијата на директорот покажува позитивна перцепција за раководењето со училиштето, со вкупна просечна оценка од 3,83 од 4. Како значајни аспекти се издвојуваат соработката со Училишниот одбор и другите училишни структури, финансиското работење и уредноста на педагошката документација. Како области за понатамошно унапредување се издвојуваат поголемото вклучување на вработените и другите чинители во креирањето на училишните политики, доследното следење на поставените развојни цели и поинформираното вклучување на сите чинители во развојните приоритети и планираните активности на училиштето. Според самооценувањето на директорот, управувањето и раководењето се оценети позитивно. Наставниците ја препознаваат соработката при донесувањето одлуки, но е потребно подобро информирање за развојните цели и планираните активности.

	Управување и раководење со ресурсите	Врз основа на проверената документација и собраните мислења од наставниците, родителите, учениците и Училишниот одбор, се согледува дека управувањето со ресурсите на училиштето опфаќа планирање и користење на расположливиот простор, опремата и наставните материјали за реализација на наставните и воннаставните активности. Посебно значење има организацијата на просторот и ресурсите во согласност со потребите на учениците и условите за непречено одвивање на воспитно-образовната работа. Во однос на обезбедувањето потрошен материјал, резултатите од анкетата на наставниците укажуваат на потреба од подобрување на навременото обезбедување и достапноста на материјалите потребни за реализација на наставата и воннаставните активности. За поцелосно согледување на управувањето со ресурсите, потребно е да се земат предвид и податоците за работата на училишната библиотека/медиатека, користењето на наставните средства и опрема, како и можностите за обезбедување дополнителни ресурси преку соработка со Општината и други партнери. Анкетата со наставниците укажува на потреба од подобрување во обезбедувањето потрошен материјал и информирањето за трошењето на училишниот буџет.
	Раководење со кадарот	Училиштето посветува внимание на професионалниот развој на наставниот кадар, учеството во обуки, размената на искуства и следењето на наставната работа преку посета на наставни часови и давање повратни информации. Резултатите укажуваат на потреба од поголемо препознавање и вреднување на квалитетната работа на наставниците, како и подобрување на условите и поддршката за непречено реализирање на наставните и воннаставните активности. Особено се издвојува потребата од подобро обезбедување потрошен материјал за работа. Наставниците позитивно ја оценуваат можноста за стручно усовршување. Како област за подобрување се издвојува препознавањето и оддавањето признанија за квалитетната работа.

	Следење и унапредување на наставниот процес	Училиштето посветува внимание на следењето и унапредувањето на наставниот процес преку професионалниот развој на наставниците, учеството во обуки, дисеминацијата на стекнатите знаења и размената на искуства. Следењето на наставната работа и давањето повратни информации претставуваат важни механизми за унапредување на квалитетот на наставата. Резултатите од анкетата на наставниците укажуваат на позитивни согледувања во однос на посетите на наставните часови и добивањето повратни информации. Истовремено, потребно е континуирано да се поттикнува примената на стекнатите знаења и современите наставни пристапи во практиката, како и да се обезбедат соодветни материјални услови за реализација на наставните активности. Наставниците позитивно го оценуваат следењето на наставните часови и добивањето повратни информации. Потребно е континуирано следење на наставата и користење на повратните информации за подобрување на наставниот процес.
Индикатор 4.2Цели и креирање на училишната политика		
Извори на податоци	**Теми по индикатори**	**Информации кои се собрани**
Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на родители,	Процедури за креирање на училишната политика	Училиштето ги планира развојните приоритети и активностите за унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа. Во процесот на креирање и унапредување на училишните политики значајна улога имаат директорот, Училишниот одбор, стручните органи и другите чинители. Потребно е континуирано да се следи реализацијата на акциските планови и да се поттикнува поголема вклученост на наставниците, родителите и учениците во креирањето и унапредувањето на политиките, врз основа на утврдените потреби и резултатите од самоевалуацијата. Според анкетите, постои соработка меѓу раководството, наставниците и другите училишни чинители при донесувањето одлуки. Потребно е поголема транспарентност и вклучување на предлозите на родителите.
Како приоритетна област за подобрување се издвојува воспоставувањето појасни и поефикасни механизми за постапување по поплаки, сугестии и иницијативи. Потребно е и понатамошно поттикнување на активното учество на родителите, редовно информирање и систематско следење на преземените мерки.

Предложените активности треба да се вклучат во развојното и акциското планирање на училиштето, со јасно утврдени одговорности, рокови и показатели за успешност.

7. Напомена за користење на резултатите

Оваа анализа се однесува на 12 одговори од Советот на родители. Таа претставува еден од изворите за самоевалуација и не треба сама по себе да се смета за конечна оценка на целото Подрачје 4. Потребно е резултатите да се споредат со други докази, како записници, училишни политики, планови и извештаи. Пред официјално усвојување, се препорачува повторна проверка на пресметките и на називите на индикаторите според оригиналната табела со одговори.

Анкета за ученици

Извештајот е изработен врз основа на доставениот документ „Анализа на резултати од прашалник за ученици“. Во документот се прикажани одговорите на 30 ученици за три индикатори. Анализата ги задржува категориите и бројот на одговори наведени во изворот.

1. Методологија и начин на обработка

Испитани се 30 ученици. За секој индикатор се прикажани бројот и процентот на одговори по скалата: 4 – „Целосно се согласувам“, 3 – „Се согласувам“, 2 – „Не се согласувам“, 1 – „Целосно не се согласувам“ и 0 – „Не знам/Немам информација“. Позитивни одговори се оценките 3 и 4; негативни одговори се оценките 1 и 2. Одговорите „Не знам/Немам информација“ се прикажани одделно. Просечната оценка е пресметана со вклучување на оценката 0, за да се задржи истата скала како во изворните податоци.

2. Преглед на резултатите

Индикатор	Тврдење (скратено)	Оц. 4	Оц. 3	Оц. 2	Оц. 1	Не знам (0)	Просек
4.1	Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период	11	12	2	1	4	2,83
4.2	Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време	16	11	3	0	0	3,43
4.3	Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера	14	10	6	0	0	3,27

Вкупниот описен просек за 90 одговори на трите индикатори изнесува 3,18 од 4, при што одговорите „Не знам/Немам информација“ се пресметани како 0. Овој просек треба да се толкува внимателно, бидејќи вклучува и недостиг на информација како нулта оценка.

3. Анализа по индикатори

3.1. Индикатор 4.1 – Информираност за планираните активности

Позитивно се изјасниле 23 ученици (76,7%), од кои 11 целосно се согласуваат, а 12 се согласуваат. Тројца ученици (10,0%) не се согласуваат или целосно не се согласуваат, а четворица (13,3%) одговориле „Не знам/Немам информација“. Ова е најслабиот резултат од трите индикатори и укажува дека дел од учениците не се доволно информирани за активностите што училиштето ги

планира за следниот период. Потребно е информациите да се соопштуваат редовно, јасно и на начин соодветен на возраста.

3.2. Индикатор 4.2 – Пристап до книги и лектира

Дваесет и седум ученици (90,0%) позитивно ја оценуваат можноста да земат книга или лектира од библиотеката/медијатеката во секое време. Тројца ученици (10,0%) не се согласуваат; нема одговори „Не знам“. Ова е највисокиот просек (3,43 од 4) и претставува силна страна. Сепак, одговорите на тројцата ученици што не се согласуваат треба да се разгледаат за да се утврди дали има пречки поврзани со работното време, достапноста на книгите или начинот на позајмување.

3.3. Индикатор 4.3 – Пријатна атмосфера во библиотеката/медијатеката

Дваесет и четири ученици (80,0%) сметаат дека библиотеката/медијатеката е пријатно место за читање и учење. Шест ученици (20,0%) не се согласуваат, што е значаен удел и укажува на простор за подобрување. Резултатот е добар, но послаб од оценката за пристапот до книгите. Препорачливо е да се приберат конкретни мислења од учениците за тишината, удобноста, распоредот на просторот, осветлувањето и можностите за индивидуално или групно читање.

4. Силни страни

- Голем дел од учениците имаат позитивно искуство со пристапот до книги и лектира во училишната библиотека/медијатека.
- Мнозинството ученици ја доживуваат библиотеката/медијатеката како пријатно место за читање и учење.
- Кај сите три индикатори позитивните одговори (оценки 3 и 4) се мнозинство.

5. Слабости и области за подобрување

- Информирањето на учениците за планираните училишни активности не допира до сите ученици; 13,3% немаат информација.
- Една петтина од учениците не ја оценуваат библиотеката/медијатеката како пријатно место за читање и учење.
- Дел од учениците не се согласуваат дека можат да позајмат книга/лектира во секое време; потребно е да се проверат причините.

6. Заклучок

Резултатите од прашалникот покажуваат генерално позитивна перцепција кај учениците за пристапот до училишната библиотека/медијатека и за атмосферата во неа. Најизразена силна страна е можноста за позајмување книги и лектира (90,0% позитивни одговори). Најважен приоритет за подобрување е информирањето за планираните училишни активности, каде што 13,3% од учениците изјавиле дека немаат информација. Дополнително, треба да се истражат причините поради кои 20,0% од учениците не се согласуваат дека библиотеката/медијатеката нуди пријатна атмосфера. Предложените активности треба да се спроведуваат со вклучување на учениците и да се следат преку повторно анкетирање.

Забелешка: Извештајот се однесува само на трите индикатори наведени во доставениот документ; не се извлекуваат заклучоци за индикатори што не се опфатени со приложените податоци.

Резиме (главни наоди) од фокус групи – Стручен соработник - Психолог

1. Цел и основа на самоевалуацијата

Извештајот е изготвен врз основа на пополнетиот „Прашалник за самоевалуација на стручен соработник – психолог“ во рамките на Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики. Се разгледуваат професионалната практика во стратешкото планирање и развојот на училиштето, соработката со раководството и органите на управување, како и управувањето со процеси, податоци и евалуација.

Скала: 1 – Никогаш/воопшто не е применето; 2 – Ретко/делумно применето; 3 – Често/во голема мера применето; 4 – Секогаш/целосно и конзистентно применето.

2. Квантитативна анализа на резултатите

Област	Бодови	Просек	% од максимум

Дел 1. Креирање политики, стратешко планирање и развој на училиштето	18/20	3,60	90%
Дел 2. Соработка со раководството и органите на управување	19/20	3,80	95%
Дел 3. Управување со процеси, податоци и евалуација	18/20	3,60	90%
Вкупно	55/60	3,67	91,7%

Вкупниот резултат е 55 од можни 60 бодови, односно просечна оценка 3,67 од 4 (91,7% од максималниот број бодови). Во 15 затворени прашања има 10 одговори со оценка 4 и 5 со оценка 3; нема одговори со оценка 1 или 2. Ова укажува на висока самопроценка, со одредени области за понатамошно унапредување.

3. Анализа по области

3.1. Креирање политики, стратешко планирање и развој на училиштето

Резултат: 18/20 бодови, просек 3,60. Самопроценката укажува на учество во подготовката на развојната и годишната програма, придонес во креирањето училишни политики и земање предвид на стручните психолошки анализи при определување на стратешките цели. За унапредување се издвојуваат изработката на конкретни акциони планови за ранливи групи ученици и систематско предлагање мерки за подобрување на училишната клима врз основа на истражувања.

3.2. Соработка со раководството и органите на управување

Резултат: 19/20 бодови, просек 3,80 – највисок резултат од трите области. Се издвојуваат професионалната соработка со директорот и органите на управување, давањето стручни мислења, учеството во училишните комисии и навременото извршување на задачите. Прашањето за медијација и конструктивно решавање конфликти е оценето со 3, па оваа компетенција може дополнително да се развива преку обуки и стручна размена.

3.3. Управување со процеси, податоци и евалуација

Резултат: 18/20 бодови, просек 3,60. Самопроценката укажува на уредно водење документација, ревидирање на годишниот план и промовирање транспарентност и етичност. Оценките 3 кај спроведувањето анкети/истражувања и анализата на податоци покажуваат можност за посистематско прибирање податоци, подготовка извештаи и формулирање препораки за донесување одлуки.

4. Квалитативна анализа на отворените прашања

Најголеми постигнувања/придонеси: учество во креирање и спроведување училишни политики насочени кон психосоцијалниот развој на учениците, нивната благосостојба и безбедност.

Идентификувани потешкотии: ограничени ресурси, кои можат да влијаат врз обемот и динамиката на спроведување на планираните активности.

Потреби за професионален развој: дополнително усовршување на вештините за лидерство, тимска работа, управување со конфликти и донесување одлуки.

Одговорите се усогласуваат со квантитативните резултати: ги потврдуваат областите на придонес и ги посочуваат приоритетите за развој. Ограничените ресурси треба да се земат предвид при определување реалистични мерки и рокови.

5. Силни страни и области за унапредување

Силни страни	**Области за унапредување**
Учество во развојното и годишното планирање и креирање политики.	Конкретни акциони планови за поддршка на ранливи групи ученици.
Професионална соработка со директорот, советите и училишните комисии.	Усовршување во медијација и конструктивно решавање конфликти.
Водење документација и придонес кон транспарентноста и етичноста.	Посистематски анкети/истражувања, анализа на резултатите и извештаи.
Препознавање на потребата од професионален развој.	Планирање активности во согласност со ресурсите и следење на реализацијата.

6. Заклучок Врз основа на пополнетиот прашалник, стручниот соработник – психолог ја оценува својата работа високо во рамките на Подрачје 4. Највисок резултат е постигнат во соработката со раководството и органите на управување. Приоритети за понатамошно унапредување се поразвиени акциони планови за ранливи групи ученици, усовршување на медијацијата, систематско прибирање и анализа на податоци и професионален развој во лидерство и тимска работа. Предложените мерки треба да се реализираат според реалните кадровски, временски и материјални ресурси на училиштето. Бидејќи ова е самоевалуација, резултатите е препорачливо да се разгледаат заедно со докази од практиката: планови, записници, извештаи, анкети и евиденција за реализирани активности

ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ "Марко Цепенков" период 2024 - 2026 година

Врз основа на Законот за основното образование(„Службен весник на РСМ" 161/19, 229/20, 3/25, 74/25,128/1,2,3 ,129/1,2,3,4,5,6, 130/1,2,3,4) Општинското основно училиште "Марко Цепенков"изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2024 – 2026година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 21.09.2026 год. - 02-241/3 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот октомври 2026година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

Подрачје	Членови на тимот
1.Планирање, настава и учење	**Јасминка Стојаноска- одговорно лице** -Даниела Јовановска -Љупка Продановска -Весна Митрички -Благоја Мирчевски

2.Постигања на учениците	**Игор Велков - одговорно лице** -Александар Мирчевки -Антоанета Мишева -Даниела Станковска - Љутви Беќири
3.Училишна клима и односи во училиштето	**Катерина Симоновска- одговорно лице** -Македонка Стојаноска -Деспина Грнчаревска -Александар Крстевски -Фатиме Ала
4.Управување и раководење	**Весна Стојковска-одговорно лице** -Сања Соларова Андоновска -Александар Штејров -Маја Божиноски - Басри Елмазовски

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 30.10.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Подрачје 1: Планирање, настава и учење
Опис/резиме на подрачјето

Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Поголем дел од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет. Поголем број сметаат дека се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Дел од испитаниците сметаат дека во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи. Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот. Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Поголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците. Најголем дел од задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.. Притоа, најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат поголем дел од испитаниците ученици и родители. Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на задоволително ниво. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓунаставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.

Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тиередовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива.Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план.

Поголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Поголем дел од учениците сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот. Поголем дел од наставниот кадар и стручните

соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето.

Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредоки постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците, но сооглед на резултатите не се доволно јасни и презентирани пред учениците. Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности.

Училиштето организира натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници).

Силни страни

- Училиштето целосно ги раеализира наставните планови и програми одобрени од МОН
- Постои добра комуникација меѓу наставниците,учениците и родителите
- Наставниците навремено ги известуваат родителите за успехот и поведението на учениците
- Наставниците користат различни начини за проверка на знаењата на учениците
- Директорот и Стручната служба ги следат планирањата на наставниците најмалку два пати во полугодие
- Родителите за запознаени со наставните програми и планови
- Соработка со ,,Црвен крст'' – ученици од нашето училиште учествуваат како волонтери.

Слаби страни

- Училиштето не нуди избор на голем број различни воннаставни активности (клубови, проекти)
- Недоволна стручна помош и поддршка на одредени ученици со потешкотии - вработување на дефектолог и логопед во училиштето
- Недоволно посетување и ненаврмено информирање за обуки за примена на современи методи и техники во наставата

Приоритети

- Поголема понуда за избор на воннаставни активности – клубови, проекти согласно интересите на учениците

- Вработување на соодветен стручен кадар – дефектолог, логопед

- Навремено информирање и поголема вклученост на наставниците во обуки

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резименаподрачјето

Следењенапостигањатанаучениците одразличенполијазикнанаставатаспореднаставнипре дметииспоредквалификациски периоди е добро. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот нанаставата,поситенаставнипредмети,заситеквалификациски периоди.Учеството ипостигањатанавоннаставнитеактивностиконтинуирано се следи иевидентира.

Училиштето беше вклучено во Државнотонационално тестирање во 2024година (учениците од Vодд.).Резултатите добиени од државното тестирањесе во рамките на државниот просек.

Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето има развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии воучењето и со посебни образовни потреби.Во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето сепреземаат соодветни чекори: дополнителна настава, соработка со стручната служба, соработка со соодветни институции (МКФ, Ресурсен центар „Иднина“), со родителите на учениците, со образовните асистенти.

Училиштето има делумна стратегија за идентификување на надарените ученици и повремено организира додатна настава и воннаставни активности за овие ученици.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период.Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето детепреку е-дневникот кој уредно се води.

Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, а за учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошкимерки, се вршат советувања со учениците и нивните родители и доколку тоа не даде резултати се соработува со надворешни институции какошто се Центар за социјална работа, Министерство за внатрешни работи.

Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на еднаучебна година (после секое тримесечје), после оддржување наодделенските совети.

Учениците и родителите се советуваат доколку:

-ученикот има повеќе од три негативни оценки

-има повеќе од десет неоправдани или голем број оправдани изостаноци

-ако учениците имаа недолично однесување

На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба даприсуствува на советувањето добива покана осум дена пред одржувањетона истото.Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самитеродители.

Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии вонаставата за подобрување на постигањата на учениците.Во текот на целатаучебна година, училиштето реализира дополнителна настава по предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како идиференцирана настава. Училиштето изработувараспоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место воучилиштето.Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната идиференцираната настава придонесуваат кон подобрување напостигањата.

Силни страни

- Училиштетоприбира,користиианализираподатоцизапостигањатанаучениците спореднапо лотијазикотнанаставата,поситенаставнипредмети, за ситеквалификациски периоди.

- Училиштетоима развиенсистем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби.
- Училиштетоимастратегијаза идентификувањенанадаренитеученици.
- Училиштетоимаутврденсистемзаизвестувањена родителитезанапредокотнанивнитедецаидоследногопременува.Поголе миот бројодученицитево нашетоучилиштесередовнинанастава.
- Советувањетонаучениците иродителитедавапозитивнирезултати.
- Вотекотнацелатагодинаспоред потребите сеорганизирадополнителнанастава по предмети.

Слаби страни

Училиштетода обезбеди поголема поддршка на надарените ученици, да ја продлабочи и прошири стратегијата за идентификување и работа со надарените ученици

Приоритети

- Со учениците да се работи во насока на развивање и поттикнување на критичкото размислување како и развивање на повисокитекогнитивнидомениииистражувачкивештини.
- Наставницитедагопланираатпоучувањетосочасовинаактивноучење,самостојнаработан а учениците, примена на различни перспективи во реализација на наставните содржини, давање можности за откривање различнирешенијана даденизадачи однаставнатасодржина.

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето

Врз основа на анализата на училишната документација, спроведените анкети и добиените сознанија од наставниците, родителите и учениците, може да се заклучи дека во училиштето се воспоставени механизми за обезбедување позитивна училишна клима, почитување на правата на учениците, соработка со родителите и локалната заедница, како и грижа за безбедноста и добросостојбата на учениците. Училиштето располага со Кодекс на однесување, куќен ред и утврдени процедури за постапување во случаи на прекршување на правилата, при што се настојува нивна доследна примена

Резултатите од анкетите покажуваат дека наставниците ја оценуваат училишната атмосфера како позитивна и поттикнувачка, а најголем дел од учениците се чувствуваат прифатени од наставниците и од своите соученици. Во училиштето активно функционираат Ученичкиот парламент и ученикот правобранител, што овозможува учениците да учествуваат во активности и иницијативи од нивен интерес

Во однос на еднаквоста и правичноста, училиштето промовира почитување на детските права и еднаков пристап на учениците до училишните активности. Сепак, дел од учениците и родителите укажуваат на потреба од понатамошно унапредување на чувството за еднаков третман, поголема транспарентност во примената на правилата и поголема вклученост на родителите во процесите на донесување одлуки.

Училиштето остварува континуирана соработка со родителите и локалната заедница преку родителски средби, совет на родители и заеднички активности. Иако соработката е воспоставена, резултатите упатуваат на потреба од дополнително јакнење на партнерските односи и поголемо учество на родителите во креирањето и унапредувањето на воспитно-образовниот процес.Постојано се организираат предавања, едукации и се реализираат

наставни и воннаставни активности за превенција и справување со врсничкотонасилство. Исто така во соработка со локалнта средина, надлежни институции се воспоставуваат и организираат трибини, настани и предавања зазаштита од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести и здрава исхрана.

Во училиштетосе спроведуваат редовни санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците.

Во делот на севкупната грижа за учениците, училиштето спроведува активности за превенција од насилство и ризични однесувања, како и активности за поддршка на социо-емоционалниот развој. Иако најголем дел од учениците се чувствуваат безбедно во училиштето, дел од нив посочуваат потреба од поголема поддршка при решавање на лични проблеми, поголема достапност на стручната служба и поинтензивни активности за развивање позитивни меѓусебни односи и ненасилна комуникација.

Силни страни

- Училиштето има воспоставен Кодекс на однесување, куќен ред и процедури за постапување при прекршување на правилата.

• Во училиштето постои позитивна работна атмосфера и добра соработка помеѓу наставниците.
• Училиштето ги промовира детските права, еднаквоста и правичноста меѓу учениците.
• Се реализираат активности за превенција на насилство, пушење, алкохол и употреба на дрога.
• Обезбедени се услови и мерки за безбедност, заштита и хигиена на учениците.
• Училиштето остварува соработка со родителите, локалната заедница и други институции од интерес за воспитно-образовната работа.

Слаби страни

- Учениците не покажуваат доволна мотивираност и позитивен однос кон посетувањето на училиштето.

• Потребно е да се зголеми достапноста и препознатливоста на педагошко-психолошката служба кај учениците.

• Постојат различни перцепции помеѓу учениците, родителите и наставниците во однос на хигиената, поддршката и условите за учење.

• Потребно е поголемо информирање и вклучување на родителите врз донесувањето одлуки во училиштето

Приоритети

- Унапредување на училишната клима преку поголемо вклучување на учениците во организирањето активности и донесувањето одлуки.
- Зајакнување на системот за поддршка на учениците во надминување на лични, социјални и емоционални тешкотии.
- Зголемување на достапноста и улогата на стручната служба во поддршката на учениците и родителите.
- Унапредување на превентивните активности за спречување врсничко насилство, ненасилна комуникација и градење позитивни односи меѓу учениците.
- Зајакнување на партнерскиот однос со родителите преку нивно поактивно вклучување во планирањето и евалуацијата на воспитно-образовната работа.

- Континуирано следење на ставовите на учениците, родителите и наставниците со цел навремено идентификување и надминување на слабостите во подрачјето.

Подрачје 4: Управување и раководење

Опис/резиме на подрачјето

Училиштето има јасно дефинирана мисија и визија за својот напредок. Директорот , Училишниот одбор и психологот соработуваат професионално, согласно своите законски надлежности. Наставниците редовно посетуваат обуки и го подобруваат својот професионален развој. Констатиран е кадровски дефицит на соодветен наставен кадар, што бара стратегија за правилна прераспределба. Училиштето нема внатрешни механизми и правилници за оддавање признанија и вреднување на наставниците кои внесуваат ефективни иновации во работата.Потребно е посуштинско вклучување на наставниците, родителите и учениците во планирање и креирање на училишните политики и поефикасен план за редовно следење и евалуација на акциските планови за да се осигура доследна реализација на поставените цели.Училиштето планира и организира користење на расположливите просторни, материјални и наставни ресурси за реализација на наставните и воннаставните активности.

Училиштето го следи и унапредува наставниот процес преку посета на наставни часови, давање повратни информации и професионално усовршување на наставниците. Анализите укажуваат на потреба од континуирана примена на стекнатите знаења, современи наставни пристапи и подобрување на условите за квалитетна реализација на наставата.

Училиштето ги креира училишните политики врз основа на развојните приоритети, самоевалуацијата и одлуките на училишните тела. Потребно е континуирано следење на реализацијата на акциските планови и поголемо вклучување на наставниците, родителите и учениците во процесот на планирање и унапредување на квалитетот на работата на училиштето.

Развојното планирање се темели на резултатите од самоевалуацијата и утврдените потреби на училиштето. Потребно е развојните цели да бидат конкретни и остварливи, со јасни активности и показатели за успешност, како и активно вклучување на сите чинители и редовно следење на реализацијата на Развојната програма и акциските планови.

Училиштето треба да обезбеди транспарентно планирање и наменско користење на финансиските средства во согласност со развојните приоритети и потребите на учениците. Резултатите од анкетата укажуваат на потреба од подобро информирање на вработените за буџетот и навремено обезбедување потрошен материјал. Потребно е овие согледувања да се поврзат со финансискиот план и документацијата за усвојување и реализација на буџетот.

Силни страни

- Ефикасно управување и раководење со училиштето
- Функционална работа на Училишниот одбор
- Соработка меѓу училишните структури – воспоставена е соработка меѓу директорот, Училишниот одбор, Советот на родители, Наставничкиот совет и стручните соработници во планирањето и реализацијата на училишните активности.
- Планирање и организирање на работата – училиштето ги планира активностите врз основа на утврдените потреби и развојните приоритети, преку годишно и развојно планирање.
- Професионален развој на наставниот кадар – се реализираат активности за стручно усовршување преку обуки, следење на наставната работа, давање повратни информации и размена на искуства.
- Следење и унапредување на наставниот процес – се врши следење на наставата преку посета на наставни часови и професионална поддршка на наставниците.

Слаби страни

- Поголема транспарентност и навремено информирање на наставниците, родителите и другите заинтересирани страни за донесувањето одлуки, креирањето училишни политики и следењето на нивната реализација;
- Посистематско следење на развојните и акциските планови;
- Унапредување на професионалната поддршка, мотивацијата и вреднувањето на придонесот на наставниците.
- Несоодветен наставен кадар и потреба од надминување на кадровските предизвици и обезбедување соодветен стручен кадар за квалитетно реализирање на наставниот процес.

Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставниците

Приоритети

1. Обезбедување соодветен стручен наставен кадар за квалитетно реализирање на наставниот процес

2. Унапредување на транспарентноста и навременото информирање на наставниците, родителите и другите заинтересирани страни за донесените одлуки и училишните политики.

3. Зголемување на учеството на наставниците, родителите и учениците во креирањето училишни политики и утврдувањето на развојните приоритети.

4. Зајакнување на следењето и евалуацијата на развојните и акциските планови, преку конкретни цели, рокови, одговорни лица и показатели за успешност.

5. Воспоставување механизми за препознавање и вреднување на професионалните постигнувања на наставниците, поттикнување на мотивацијата и споделување добри практики.

6. Унапредување на професионалната поддршка и развојот на наставниците, со поголема примена на стекнатите знаења и компетенции во наставната практика.

7. Подобрување на планирањето и користењето на финансиските и материјалните ресурси, во согласност со реалните потреби и развојните цели на училиштето.

Предлог за главни приоритети:

• Обезбедување соодветен стручен наставен кадар.

• Унапредување на транспарентноста, информирањето и учеството на заинтересираните страни во креирањето училишни политики.

• Воспоставување систем за следење на развојните цели и за препознавање и вреднување на професионалните постигнувања на наставниците.

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

1. Планирање, настава и учење

1. Воспоставување практика на споделување и примена на успешни наставни практики преку меѓусебни посети на часови, отворени часови, презентации и работа на стручните активи.

2. Развивање на ученичката иницијативност и креативност преку проектни активности, истражувачко учење, практични задачи и поврзување на наставните содржини со секојдневниот живот.

3. Креирање разновидни можности за учење и изразување на способностите на учениците преку ученички клубови, тематски денови, натпревари, работилници и меѓупредметни проекти.

4. Развивање на поефикасни модели за индивидуална образовна поддршка преку координирана работа на наставниците, стручната служба, образовните асистенти, родителите и надворешните стручни институции.

2. Постигања на учениците

1. Воведување систематско следење на индивидуалниот напредок на учениците, со посебен акцент на навремено препознавање на нивните потенцијали, интереси и образовни потреби.

2. Развивање култура на истражување, критичко размислување и самостојно учење преку проблемски задачи, дебати, истражувачки проекти и активности за примена на знаењата.

3. Создавање услови за развој на талентите и индивидуалните способности на учениците преку менторска работа, тематски работилници, ученички презентации и учество на натпревари.

4. Примена на резултатите од анализите на ученичките постигања при планирањето на идните наставни активности, со цел навремено приспособување на наставните пристапи и обезбедување соодветна поддршка.

3. Училишна клима и односи во училиштето

1. Развивање култура на активно ученичко учество преку поддршка на иницијативите на Ученичкиот парламент, ученикот правобранител и организирање активности предложени од самите ученици.

2. Воведување континуирани активности за градење позитивни меѓусебни односи, емпатија, доверба, прифаќање на различностите и конструктивно решавање конфликти.

3. Развивање на систем за навремено препознавање и обезбедување поддршка на учениците кои се соочуваат со лични, социјални, емоционални или образовни тешкотии.

4. Унапредување на партнерството со родителите преку нивно активно учество во заеднички иницијативи, едукативни работилници и активности за подобрување на училишниот живот.

5. Воспоставување практика на редовно испитување на мислењата и задоволството на учениците, родителите и вработените, како основа за планирање конкретни подобрувања.

4. Управување и раководење

1. Унапредување на процесот на стратешко и развојно планирање преку дефинирање мерливи цели, приоритети и очекувани резултати, усогласени со реалните потреби на училиштето.

2. Воспоставување функционален механизам за периодично следење, документирање и вреднување на реализацијата на развојните и акциските планови, со утврдување на постигнатите резултати и потребите за дополнителни интервенции.

3. Развивање модел на партиципативно управување преку активно вклучување на наставниците, родителите и учениците во предлагањето иницијативи и креирањето развојни решенија.

4. Воспоставување практика на професионално признавање и споделување на успешните образовни практики, иновативните пристапи и посебниот придонес на наставниците во работата на училиштето.

5. Подобрување на планирањето и распределбата на материјалните и финансиските ресурси преку нивно поврзување со утврдените развојни приоритети и потребите за унапредување на наставниот процес.

Комисија за спроведување на СЕУ:

психолог Оливера Чевреска Петровска - претседател
предметен наставник Сања Кузмановска - член
одд.наставник Наташа Лазова Анчевска - член
родител-член-Биљана Димишковска
родител-член-Ивана Огњановска